СОЗДАВАМЕ
ИДНИНА
ЗАЕДНО
НАЦИОНАЛНА
РАЗВОЈНА СТРАТЕГИЈА

Тематска анализа/дијагностика:

# Наука и истражување

## ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Науката и истражувањето се клучен елемент што помага во подобрувањето на животниот стандард, ги зема предвид слабите точки на општеството и, преку истражувачки и иновациски активности, нуди решенија за вложување во аспекти што имаат поголем потенцијал да придонесат за забрзан општ развој и раст на државата. Во оваа анализа се дадени детални информации и заклучоци за напредокот на научноистражувачките активности во земјата што ќе послужат како појдовна точка во планирањето на оваа дејност како дел од НРС во следните дваесет години. Преку преглед на релевантните документи за планирање на научноистражувачката област, главните чинители во дејноста и индикаторите што ја опишуваат моментната состојба на овој сектор, се укажува на потенцијалот и недостатоците во системот. Дополнително, се зема предвид перцепцијата на граѓаните и учесниците во дејноста, истакнувајќи ги аспектите со можност за развој на научноистражувачките активности. Исто така, прикажана е поврзаноста на областа наука и истражување со други релеванти меѓутематски прашања. Во заклучоците од оваа анализа се нудат неколку корисни препораки за напредокот на науката и истражувањето и се истакнува важноста на вклучувањето на оваа тематска област во НРС на Република Северна Македонија.